СМРТ НА ФАШИЗМОТ - СЛОБОДА НА НАРОДОТ

# СЛУЖБЕН ЛИСТ

## НА ДЕМОКРАТСКА ФЕДЕРАТИВНА ЈУГОСЛАВИА

„СЛУЖБЕН ЛИСТ" излегува два пати неделно. — Ракописите не се вракјаат. — Огласите по тарифата. — Чековна сметка Nr. 62324. — Поштарина платена во готово.

Петак, 31 август 1945
БЕОГРАД
БРОЈ 65 ГОД. I

Цена 3.— дин. од табак. — Претплата за второто полугодиште на 1945 год. дин. 350.—. — Редакциата: Бранкова Nr. 20 .— — Telefon: 28-838

### 611.

На основание на членот 2 Одлуката од 30 ноември 1943 година за Врховното законодателно и извршно народно претставително тело на Југославија како времен орган на врховната народна власт во Југославија а на основание Резолуцијата од 10 август 1945 година за променуење називот Антифашистко векје на народното ослободуење на Југославија во Привремена народна скупштина на Демократска Федеративна Југославија, а на предлог на Министерот за конституанта, Привремената народна скупштина на Демократска Федеративна Југославија донесуе

## ЗАКОН

## ЗА ПЕЧАТОТ

### ГЛАВА 1

### Општи одредби

Член 1

Во Демократска Федеративна Југославија печатот е слободен. Никој не може да биде спречен во слободното изразуење на својте мисли преку печатот, освен во случаи кои овој Закон предвидуе.

Член 2

Под печатот во смисал на овој Закон се подразумујат сите штампани списанија, слики, цртежи или други слични предмети кои се со механички или хемиски пат изработени за умножуење и растурање. Нема да се сметат за печат во смисал на овој Закон умножени примерци кои служат на тесен круг на лица во внатрешна, работна цел или за обично обавестуење, како што се штампани обрасци, трговски и други слични книги, посмртни објави, обични поканувања на разни забави, состанци, предавања и т. н.

Член 3

За штампање книги, уметнички дела и слични неповремени штампани ствари нее потребна никаква претходна пријава или одобруење на власта.

Член 4

Кои желае да издава весници или повремени списанија мора, најмалку 14 дена пред почетокот на издавањето, да поднесе на надлежниот окружни јавни обвинител пријава во која ке наведе:

1) назив на весникот и повременото списание кое ке се печати;

2) име, занимавање и адреса на издавачот, одговорниот уредник и останалите членови на уредништвото;

3) назив (фирма) и адреса на штампарницата во која ке се печати;

4) место на издавањето весникот или повременото списание;

5) карактер и врста на весникот или повременото списание (на пр. дневни или неделни лист, забавни, книжевни, политички и т. н.).

Издавачот исто така е должен да поднесе на јавниот обвинител пријава за секоја промена на горните опстојателства најмалку 24 часа пошто промена ке настапи.

Член 5

За истиот весник или повремено списание може да биде поставено повекје одговорни уредници со означуење за кој дел (рубрика) на весникот односно повременото списание секој од нив е одговорен.

Одговорните уредници мараат да имат стално боравење во местото на издавање весникот или повременото списание.

Член 6

Немаат право да бидат издавачи, уредници и постојани членови на уредништвото лица:

1) кои не уживајат политички и грагјански права;

2) кои биле функционери или истакнати членови во усташките, четничките, љотикјевските организации, во организациите на белата и модрата гарда, и во другите фашистките организации и групи во земјата и странство, како и лица који соработуеле со непријателите и нивните домашни помагачи;

3) кои биле издавачи, уредници, истакнати соработници, списатели на фашистките и профашистките книги, весници и други повремени и неповремени списанија;

4) кои за време војната, т. е. од 6 април 1941 година, биле издавачи, уредници, истакнати соработници и списатели на книги, весници и други повремени и неповремени списанија кои распируеле национална, расна или верска мразост и раздор или помагале дејноста на надворешните непријатели на Југославија.

5) кои се служиле со печат за ширење порнографија, за вршење уцени и во слични неморални цели.

Член 7

Странските државјани можат да бидат издавачи или одговорни уредници на весниците и повремените списанија само по претходното одобруење на сојузниот Министер за внатрешните работи.

Член 8

Штампарот е должен да достави на надлежниот околиски односно окружни јавни обвинител по три примерци од печатната ствар штом примерците ке бидат отштампани.

Член 9

На сите книги и други неповремени списанија мора да биде означено местото на издавањето, местото и годината на печатењето, назив (фирма) на штампарницата и име на издавачот (сопственикот), а на сите весници и повремени списанија уште и име на одговорниот уредник.

## ГЛАВА II
### Исправка

Член 10

Орган на власта или частно или правно лице кое се смета повредено со известни тврдења изнесени во весниците или повремено списание, може да поднесе на одговорниот уредник исправка за изнесените тврдења која не може да биде два пати подолга од написот кои се исправа и не смее да биде неуљудно напишана. Ако одговорниот уредник некје исправката да ја отштампа во првиот или вториот нареден број по пријемот на исправката, споменатото лице може на надлежниот окружни народен суд да поднесе тужба поради печатење исправката.

По приемот на тужбата, судот ке го повика и сослуша одговорниот уредник и тужителот и евентуално неопходно потребни сведоци а потова ке донесе пресуда со која или ке го ослободи одговорниот уредник од должноста за печатење исправката или ке му нареди исправката да ја печати на начин како тоа судот ке одреди.

Судот по овакви тужби ке постапи во рок од три дена. Незадоволната страна има право жалба на повисок суд.

## ГЛАВА III
### Забрана

Член 11

Се забранује растурање и продавање на поедини книги, весници или други печатени ствари ако содржат:

1) пропагирање, извикуење или распируење националната, расна или верска нееднакост, мразост и раздор;

2) повикуење грагјаните на побуна, диверзија или саботажа;

3) повикуење грагјаните на насилно поништуење уставниот поредок на Демократска Федеративна Југославија;

4) увреди и клевети против пријателските земји во цел на реметење добрите мегјународни односения и мегјународниот мир;

5) одобруење или помагање работењето на надворешните непријатели на Демократска Федеративна Југославија;

6) повикуења на неисполнуење војните должности;

7) ширење лажни и алармантни вести кои ја угрозуjат државата и народните интереси;

8) издавање војните тајни;

9) увреди или клевети на врховните сојузни и земски претставителни тела на Демократска Федеративна Југославија;

10) тешка повреда на јавниот морал, подстакнуење на криминал.

Член 12

Весници или други повремени списанија који објавујат забрането содржание наведено во чл. 11 на овој Закон, а по причина на тоа поедини нивни броjеви повекје пати, а најмалку три пати едно по друго се судски забранети, можат да се забранат наполно.

Исто така можат да се забранат книги, весници и други печатени ствари за кои се утврди да се финансирани од странство од непријателите на државата и на државото уредуење.

Забрануење печатењето по овој член се објавуе во „Службениот лист на Демократска Федеративна Југославија".

Член 13

Забрануење печатењето во смисал чл. 11 и 12 на овој Закон, како и забрануење издавање печатот од разлози наведени во чл. 6 на овој Закон, изречуат окружните народни судеви на предлог на надлежниот јавни обвинител.

Во нарочно хитни и оправдани случаеви може јавниот обвинител да изрече со образложено писмено решение времена забрана за растурање и продавање весници односно повременото списание. Во тој случај, он своето решение за забрана веднага ке го достави едновремено на уредништвото и надлежниот народен окружни суд, а на народната милиција ке нареди да ги заплени штампаните примерци и ако е потребно, да запечати штампарскиот слог, клишеи и т. н.

По приемањето предлогот на јавниот обвинител (ст. 1 на овој член) односно по приемањето на неговото решение за времената забрана (ст. 2 на овој член), судот е должен најдалеку во рок од 24 саата да закаже расправа. После сослушуењето на јавниот обвинител и одговорниот уредник, издавачот и списателот, и после сослушуењето на неопходно потребните сведоци, судот ке донесе решение да ли го прима или одбија предлогот на јавниот обвинител за забраната односно да ли ја оснажуе или поништуе неговата забрана. Решение за забраната мора точно да означи местата поради кои забраната се изречуе и да се наведат законските прописи.

Незадоволната страна има право жалба на повисок суд во рок од 48 саати по соопштуење на решението.

Член 14

Ако се во процесот за забрануење на печатот по претходниот член установи да издавачите, уредниците или списателите примале, покрај редовните принадлежности, нарочни хонорари за доносуење забранети статии, одломци и т. н., али да се финансирани за таа работа од странство, може судот да им забрани секоја понатакашна работа како на издавач, уредник или сотрудник на сите весници и други печатени ствари кои излезујат во земјата.

Судокото решение за овоа се објавуе во »Службениот лист на Демократска Федеративна Југославија«.

## ГЛАВА IV
### Странски печат

Член 15

На весниците, книгите и останалите списанија штампани во странство слободно е влегуењето и растурањето во Демократска Федеративна Југославија без никакво претходно одобруење. Право на растурање странскиот печат имаат домашните и странски претпријатија и институции кои добиваат затоа нарочно овластуење на сојузното Министерство за информации.

Исклучително од предниот став, влегуењето и растурањето во земјата на весници, книги и останали списанија кои се печатат во странство и на јазиците на нашите народи или кои се наменети на нашите народи, е дозволено по претходното одобруење на сојузниот Министер за информации. Ако Министерот за информации не одобри влегуење и растурање на овие списанија во земјата, тоа ке објави во »Службениот лист на Демократска Федеративна Југославија«.

Член 16

Претпријатија и институции овластени за растурање странскиот печат во нашата земја се должни да достават по три примерци на Министерството за информации.

Прописите на чл. 11 и 12 на овој Закон се однесујат и на странскиот печат кои влегује во наша земја. Решение за забрана донесуе сојузниот Министер за информации.

## ГЛАВА V
### Казнени одредби

Член 17

За кривични дела по одредбите на овој Закон, доколку не содржуат и дела казниви и по другите закони ке се казнуат, според околностите на поедин случај и отценуењето на судот, до 50.000.— динари или со лишуење на слободата до четири месеци.

Член 18

Кој под некој напис потпише лице кое тој напис не го написало или кој допушти да биде означен како уредник, а нема участие во одредуење правецот на листот или во решавање да ли некој напис ке биде објавен или не, ке се казни со лишуење на слободата до четири месеци.

Член 19

За статии и одломци со кои за посебна плата или материјална полза невистински се прикажујат и величајат поединци, институции и претпријатија, ке се казнат со лишуење на слободата до една година дена.

Член 20

За растурање забранет домашен и стран печат како и растурање странски печат без дозвола по ст. 2 чл. 15 на овој Закон ке се казнат кривците со лишуење на слободата до една година дена.

Член 21

За објавуење преку печатот службените и војните тајни, без изречна дозвола на надлежните државни органи, ке се казни одговорното лице со лишуење на слободата од еден месец до две години во колку делото по другите закони не повлечуе потешка казна.

Член 22

За кривично дело на увреда односно клевета учинето преку печатот ке се казни одговорното лице со лишуење на слободата до три години и парично до 20.000.— динари. На сакање на тужителот, судот ке реши со судска пресуда во целост или во извод да се отштампа во листот во кој инкриминисаниот напис е објавен. Освен това, тужителот има право на надокнада штетата.

Член 23

Одговорно лице за починетото дело од чл. 14 на овој Закон ке се казни со лишуење на слобода на три години, а ако примало пари од странство тогај со лишуење на слободата до пет години.

Член 24

Како одговорно лице во смисал на казнените одредби на овој Закон се смета во првиот ред списателот; ако е списателот непознат или надвор од довакјањето на власта, тогај уредникот; а ако уредникот го нема, издавачот; ако е издавачот непознат, тогај штампарот; а ако е и штампарот непознат, тогај растурачот.

Член 25

За судење на делата од овој Закон е надлежен оној окружни народен суд на чие подручје е издадена или штампана ствар, ако е местото на издањето непознато, тогај во местото каде штампаната ствар се растура.

Член 26

Издавачот јемчи за сета штета и за сите парични износи на кои ке биде осуден одговорниот уредник.

Член 27

Овој Закон влегуе во сила кога ке се објави во »Службениот лист на Демократска Федеративна Југославија«.

24 август 1945 година
Београд

**Председателство**
**на Привремената народна скупштина**
**на Демократска Федеративна Југославија**

Секретар,
**Омер Глухиќ,** с. р.

Председател,
др. **И. Рибар,** с. р.

## 612.

На основание на членот 2 Одлуката од 30 ноември 1943 година за Врховното законодателно и извршно народно претставително тело на Југославија како времен орган на врховната народна власт во Југославија а на основание Резолуцијата од 10 август 1945 година за променуење називот Антифашисткото векје за народно ослободуење на Југославија во Привремена народна скупштина на Демократска Федеративна Југославија, а на предлог на Министерот за конституанта Привремената народна скупштина на Демократска Федеративна Југославија донесуе

# ЗАКОН

## ЗА УДРУЖЕНИЈА, СОБОРИ И ДРУГИ ЈАВНИ СКУПОВИ

### ГЛАВА I

### За удруженијата

Член 1

Во цел на развивањето на политичка, културна и друштвена активност на народните маси на граѓаните на Демократска Федеративна Југославија се загарантуе правото на удружуење во политички, културни, научни, технички, фискултурни и други удруженија.

### А) Политички странки (Удруженија)

Член 2

Политичките странки (удруженија) можат да имаат делокруг на работата:

а) на територијата на поедини автономни области (политички странки на автономните области);

б) на територијата на една федерална единица (земски политички странки); и

в) на територијата на целиот сојуз (сојузни политички странки).

Член 3

Граѓаните кои намерaват да пристапат на организирана политичка работа, претходно се должни пријава на странката (удружение) да поднесат на надлежните органи на власта.

У пријавата они се должни да приложат програма и правила (статути) на својата политичка странка (удружение).

Член 4

Пријавата за основуење односно обновуење работата на политичките странки (удруженија) потпишуат:

а) за политичките странки (удруженија) на автономните области и земските политички странки, најмалку 50 бирачи;

б) за сојузна странка (удружение) најмалку 100 бирачи од територијата на која работат.

Член 5

Во основуењето односно работата на политичките странки (удруженија) не можат да учествуат нити да бидат нивни членови странски државјани, и оние који немаат бирачко право.

Член 6

Правила на политичките странки (удруженија) — (член 3 на овој Закон) мораат да содржуат назив на странката, прописи на внатрешната организација, наведени сите материјални и други средства со кои целта на странката има да се остваруе како и седиштето на странката.

Член 7

Пријавата во смисал на членот 3 од овој Закон се поднесуе:

а) за политички странки (удруженија) на автономните области и за земските политички странки — на земското Министерство на внатрешните работи;

б) за сојузните политички странки (удруженија) на сојузното Министерство на внатрешните работи.

Ако пријавата има формални недостатоци, ке се врати на подносителите зарад исправка односно дополнуење.

Член 8

Надлежната власт може да забрани основуење и работа на политичките странки (удруженија) кои имат фашистички и профашистички карактер или служат за извикуење и распируење национална, расна или верска нееднакост, мразост и раздор или ако се оснувачите односно лицата кои се навогјат на челото на странката носители на таква работа.

Надлежната власт автономна, односно на федералната единица може на својата територија да забрани работа на сојузната политичка странка (удружење) ако таја работа угрозуе равноправноста или единството на дотичната единица со другите единици.

Член 9

Ако земското односно сојузното Министерство за внатрешни работи донесе одлука да се дозволата на работа или работата на политичката странка (удружење) забрануе, потписниците на пријавата можат да се жалат, и това:

а) против одлуката на земското Министерство за внатрешни работи — на земскиот Врховен суд; и

б) против одлуката на сојузното Министерство за внатрешни работи — на Врховниот суд на Демократска Федеративна Југославија.

Ако земското односно сојузно Министерство на внатрешните работи не донесе одлука во рок од 15 дена по учинетата пријава, ке се смета како да на политичката странка (удружењето) работата нее забранета.

Земскиот односно сојузниот Врховен суд е должен да донесе одлука по жалбата во рок од 15 дена. Неговата одлука е конечна.

Член 10

Политичките странки (удруженија) се должни еднаш годишно да објават извор на својте приходи и нивната големина, како и това наошто се утрошени.

Член 11

Политичките странки (удруженија) уживаат правна и работна способност. Оние можат да имат сопственост и да управљават: 1) со членарина и други приходи; 2) со локалот определен за состанци на управата и скуповите; 3) непокретности нужни за исполнуење целта на странката; 4) со својот печат.

### Б) Културни, научни, технички, фискултурни и други удруженија

Член 12

Грагјаните кои намерават да основуат некое културно, научно, техничко, фискултурно или друго удружење се должни да за основуењето на удружењето поднесат пријава на надлежните органи на власта, и това:

а) за удружење чија работа се простира на територијата на едно место, на една или повекје околии од истиот округ или целиот округ, — на Извршниот одбор на Окружниот народен одбор;

б) за удружење чија работа се простира на територијата на повекје окружја на една федерална единица на територија на автономната област или на сета територија на една федерална единица, — на земското Министерство за внатрешни работи; и

в) за удружење чија работа се простира на повекје федерални единици или на сета територија на Демократска Федеративна Југославија, — на сојузното Министерство за внатрешни работи.

Член 13

Пријавата за основуење удружењето ја потпишујат најмалку десет оснувача на удружење.

Уз пријавата они се должни да приложат програма и правила на удружењето.

Член 14

Правилата на удружењето (член 13 на овој Закон) имаат да содржат:

1) назив, седиште и подрвчје на удружењето;

2) задача на удружењето и средства со кои таа задача се постигнуе;

3) организација и начин на формирањето управата на удружењето и начин на кој се донесуат одлуките на удружењето;

4) одредби за влегуење во членство на удружењето и за одстапуење;

5) права и должности на членовите;

6) застапуење на удружењето;

7) друштвени знакови, печат и на това слично;

8) извори на материјалните средства на удружењето и намена на имотот за случај престанокот на удружењето.

Член 15

Управата на удружењето мора да има најмалку 8 членови.

Член 16

Органите на власта на кои пријавата се подносуе (член 12 на овој Закон) ке донесе во рок од 15 дена по учинетата пријава одлука за одобруење или неодобруење за основуењето на удружењето.

Они ке забранат основуење и работа на оние удруженија чија работа е фашистички или профашистички карактер или служи за извикуење и распируење национална, расна или верска неједнакост, мразост и раздор или ако се оснувачите односно лицата који се навогјат на делото на удружењето носители на таква работа, а исто тако може да се забрани работа на удружење ако не одговара на објавената програма.

Член 17

Ако надлежните органи од чл. 12 на овој Закон донесат одлука да се основуењето на удружењата не одобруе, или работата да се забрануе, потписниците на пријавата односно управата на удруженијата можат да се жалат, и това:

а) против одлуката на Окружниот народен одбор, — на земското Министерство за внатрешни работи;

б) против одлуката на земското Министерство за внатрешни работи, — на Министерскиот совет на федералната единица;

в) против одлуката на сојузното Министерство на внатрешните работи — на Министерскиот совет на Демократска Федеративна Југославија.

Ако наведените органи од чл. 12 на овој Закон не донесат одлука во рок од 15 дана по учинетата пријава, ке се смета како да донеле одлука за одобруење.

Органите на кои жалбата се поднесуе се должни да донесат одлука по истата во рок од 15 дена. Нивната одлука е конечна.

Член 18

Удружењето кои постојале пред 6 април 1941 година, ако намерават да обноват својата работа, се должни да поднесат пријава на надлежните органи од чл. 12 на овој Закон во смисал на овој Закон.

Пријавата за обновуење удружењето ја потпишујат членовите на сите органи (главни, управни и надзорни одбор и т. н.) на удружењето.

## ГЛАВА II

### За соборите и другите јавни скупови

Член 19

Во цел на развивање политичката свест и активностите на народните маси, на граѓаните на Демократска Федеративна Југославија се зајамчуе правото на одржуење јавни скупови: собори, митинзи, приредби под ведро небо или на кое друго јавно место и приредуење улични поворки, демонстрации и манифестации.

Член 20

Повикујачите на соборите и другите јавни скупови наведени во членот 19 на овој Закон се должни истите да ги пријават на надлежниот околиски односно градски народен одбор најмалку 48 саати пред одржуењето.

Во пријавата за одржуење собор или друг јавен скуп мора да се наведе точно место и време на држањето јавниот скуп како и цел поради која скупот се повикуе. Пријавата мора да ја потпишат бар двајца повикујачи, назначуејки уз това своето занимавање и местото на живеење.

Потврда за пријемот на оваа пријава надлежниот околиски односно градски народен одбор е должен да издаде штом пријавата ја примил.

Околискиот односно градскиот народен одбор може да забрани одржуење пријавениот јавен скуп ако постојн стварна опасност на упрозуење редот и мирот.

За забрануење на јавниот скуп надлежниот народен одбор ке ги извести повикујачите најдоцна 24 часа пред времето за кое скупот е повикан. Повикујачите имат право на жалба во рок од 24 часа на повисока народна власт која мора да донесе решение во рок од 48 саати. Овова решение е конечно.

Член 21

Повикујачите на јавните скупови наведени во членот 19 на овој Закон имаат право да сакат народната власт да им овозможи односно олесни одржуењето на скупот со ставање на употреба плоштади, улици, јавни згради и на това слично.

Член 22

Со јавните скупови наведени во член 19 на овој Закон раководи претседателството составено најмалку од три члена. Претседателството е должно да одржуе ред на јавниот скуп, да одржуе рамка и природа кои му се определени во поднесената пријава.

Претседателството на јавниот скуп, а до образуење Претседателството повикујачите означени во пријавата, се одговорни за одржуење редот на скупот.

Член 23

Претседателството на јавниот скуп односно повикујачите имаат право да сакаат да им се осигури ред и безбедност на јавниот скуп односно да се редот, во колку е возможно, поврати.

Член 24

Странски државјани и лица који немајат бирачко право не можат да повикујат јавни скупови и да раководат со нив.

## ГЛАВА III

### Казнени и прелазни одредби

Член 25

Прекршуење на прописите од овој Закон за пријавуење политичките странки (удруженија) и за пријавуење соборите и другите јавни скупови који имаат политички карактер ке се казни парично до 5.000.— динари, отколку не содржи и друго кривично дело.

Прекршуење на прописите од овој Закон за пријавуење удруженијата и јавните скупови који немаат политички карактер, ке се казни парично до 3.000.— динари, отколку не содржи и друго кривично дело.

Член 26

Кој учествуе како функционер во работата на недозволеното удружење ке биде казнет со лишење на слободата до една година, а членовите на такви недозволени удруженија до 3 месеци или парично, отколку не починиле потешко кривично дело.

Член 27

За неизвршуење прописите од чл. 10 на овој Закон или за објавуење невистински податци од истиот член, ке се казнат лицата кои злонамерно го почињуат това кажњиво дело со лишуење на слободата до година дена.

Член 28

Сите овија казни ги изречујат надлежните народни околиски судови против чија пресуда има место на жалба во рок од 15 дена на надлежниот окружен суд.

Член 29

Овој Закон влегуе во сила кога ке се објави во „Службениот лист на Демократска Федеративна Југославија".

25 август 1945 година
Београд

**ПРЕТСЕДАТЕЛСТВО**
**на Привремената народна скупштина на Демократска Федеративна Југославија**

Секретар, Претседател,
**М. Перуничић**, с. р. др. **И. Рибар**, с. р.

---

**613.**

На основание на членот 2 Одлуката од 30 ноември 1943 година за Врховното законодателно и извршно народно претставително тело на Југославија како времен орган на врховната народна власт во Југославија а на основание Резолуцијата од 10 август 1945 година, за промена називот Антифашистко веќе на народно ослободуење на Југославија во Привремена народна скупштина на Демократска Федеративна Југославија, а на предлог на Министерот за народна одбрана, Привремената народна скупштина на Демократска Федеративна Југославија донесуе

## ЗАКОН

## ЗА УСТРОЈСТВО И НАДЛЕЖНОСТ НА ВОЈНИТЕ СУДЕВИ ВО ЈУГОСЛОВЕНСКАТА АРМИЈА

## ГЛАВА 1

### Општи одредби

Член 1

1) Во Југословенската армија и Југословенската морнарица се организират овија војни судеви:

1) војни судеви на дивизијите, поморската флота и војните подручија;

2) војни судеви на армиите, морнарицата, самостојателните корпуси и Војни суд за град Београд.

Највисок судски орган за Југословенската армија и морнарица е Врховни суд на Демократска Федеративна Југославија.

Член 2

Војните судеви изречујат своји пресуди „Во име на народот".

Член 3

Задача е на војните судеви да го штитат установениот поредок во војската и војните мерки, превземени во цел нат одбрана и сигурност на државата, од кривичните дела, со примена казни спроти онија који тија дела ги извршат.

Член 4

Војните судии и присудители во судењето се независни и се должни да судат по законот.

Член 5

Војни судија може за кривични дела који ке ги учини во вршењето судиската должност да биде предаден на судот, ставен под истрага или во притвор само по одобрувењето на Привремената народна скупштина на Демократска Федеративна Југославија, а присудителите по одобрувењето на Председателството на надлежното земско народно претставително тело.

Член 6

Војните судеви помегју себе, а исто тако војните судеви и народните судеви се должни еден на друг да дават правна помокј во службените работи.

Со странските држави и нивните власти војните судеви општат преку Министерството за народна одбрана.

## ГЛАВА II

### Надлежноста на војните судеви

Член 7

Војните судеви судат за кривични дела на војните лица.

Оние судат и на невојните лица за кривични дела на ослабување народната одбрана и издавање војни тајни. При други кривични дела кои извршат невојни лица во заедница со војно лице, војниот суд на предлог на војниот обвинител кривичниот предмет може да го устапи на постапка на народните судеви.

Член 8

Војните судеви судат и за кривични дела на војните пленици.

Член 9

Војните судеви на дивизиите судат во првиот степен:

1) за кривични дела на војните лица од состав на дивизните, освен офицерите и генералите;

2) за кривични дела на невојните лица во зоната на војните операции, каде судското брзо решение ке се покаже потребно.

За кривични дела на војни лица од состав на единиците (деловите) и институциите непосредно потчинети на штабот на армијата, освен на офицерите и генералите, ке суди во првиот степен оној војни суд на дивизијата или подручјето кого за това ке го одреди војниот суд на армијата.

Член 10

Војни суд на поморската флота суди во првиот степен за кривични дела на војните лица од состав на флотата освен официрите и адмиралите.

Член 11

Војни суд на војното подручие суди во првиот степен:

1) за кривични дела који на територијата на подручјето ке учинат војните лица надвор од составот на оперативните единици (чл. 9 и 10), освен на офицерите, генералите и адмиралите;

2) за кривични дела на војните лица од состав на единиците (деловите) и институциите непосредно потчинети на Штабот на армијата, освен на офицерите и генералите, а по решението на војниот суд на армијата во смисал на став 2 чл. 9.

Член 12

Војни суд на армијата суди во првиот степен за кривичните дела на офицерите од состав на армијата, а во вториот степен по предметите за који во првиот степен судиле подредените војни судеви на дивизиите и војните подручија.

Член 13

Во случај на отидување армијата од својата територија се образува за територијата на обласѓа војни суд на војната област, који има состав и надлежност на војниот суд на армијата.

Член 14

Војни суд на морнарицата суди во првиот степен за кривични дела на офицерите од состав на морнарицата, а во вториот степен по предметите за који во првиот степен судиле војни суд на поморската флота и војни судеви на подручијата за кривични дела на војните лица од состав на морнарицата.

Член 15

Војни суд на корпусот суди во првиот степен, за кривични дела на офицерите од состав на корпусот, а во вториот степен по предметите за који во првиот степен судиле подредените војни судеви на дивизиите.

Член 16

Војни суд за град Београд суди во првиот степен за кривични дела на војните лица од Београдскиот гарнизон, освен на генералите и адмиралите.

За кривични дела на војните лица од оперативните единици који постојано или времено борават на подручије на Београдскиот гарнизон, ке судат нивните надлежни војни судеви.

Член 17

Врховни суд на Демократска федеративна Југославија во своето војно векје суди во првиот и последниот степен за криични дела на генералите и адмиралите, а во вториот степен по предметите за који во првиот степен судиле војни судеви на армиите, морнарицата, корпусите и Војни суд за град Београд.

Член 18

По пресудите на пониските војни судеви со који е изречена смртна казна, војното векје на Врховниот суд решава во вториот или последниот степен.

Смртната казна смее да се изврши дури тогај кога ке ја потврди Врховниот суд.

Член 19

Во случај од нарочна важност може предмет од редовна надлежност на понискиот суд да се изземе и изнесе на судење пред високи војни суд.

Решение за това донесује дотичниот високи војни суд по предлог на јавниот обвинител.

Член 20

Во војна или во време на мир, во случај да настапат исклучителни опстојателства који преставајат опасност за јавен мир и поредок во државата или делот на нејната територија може сојузната влада со својето решение да стави во надлежност на војните судеви судење на сите лица за сите или во това решение одредени кривични дела, који ке бидат извршени на дотичната територија. Во време на местото ваква одлука на Сојузната влада подлежуе на накнадно одобрување на Претседателството на Народната скупштина на Демократска Федеративна Југославија.

Пресудите на овија војни судеви се извршни и не подлежујат на разматрања на високите војни судеви.

Член 21

Сударање за надлежноста по мегју првостепените војни судеви решава оној второстепени војни

суд на чије подручие се, односно во чији состав они се наоѓат.

Сите други судари за надлежноста по меѓу војните судеви решава војното векје на Врховниот суд.

## ГЛАВА III

### Состав на судевите и судски персонал

Члан 22

Војните судеви судат во векјата од три судији.

Член 23

Војниот суд го сочинуjат војните судији, присудители, секретари и административниот персонал.

Член 24

Војните судији мораjат да бидат правници по струката со чин офицер.

За претседатели на војните судеви и нивните заменици се изберуат војни судији.

Присудителите и нивните заменици се изберуат од редовите на генералите, адмиралите, офицерите, подофицерите и борците.

Член 25

Војните судеви на дивизиите, поморската флота и војните подручија судат во векјата који се состоjат од претседателот или неговиот заменик и два присудетели, од који е еден офицер, а вториот подофицер или борец.

Кога војните судеви на подручијето решаваjат по кривичните предмети на војните лица од составот на морнарицата, присудителите се зимаjат од војните лица на служба во морнарица.

Војните судеви на армиите, морнарицата и корпусите судат во векјата који се состоjат од претседателот или неговиот заменик и два присудители, од чин офицер или генерал, односно адмирал.

Војниот суд за град Београд кога суди за кривична дела на војните лица од редовите на офицерите, ке суди во векје које се состоји од претседателот, односно неговиот заменик и два присудители, од чин офицер или генерал.

Овија судеви можат да имаjат по векје векја.

Член 26

Секоје судско векје има секретар који мора да биде правник по струката, со чин офицер. Он го води записникот на судските расправи, составуjе нацрт на судските решениа и има во векјето советодавен глас.

Член 27

Судијите на војните векја на Врховниот суд и останалите војни судии ги изберуе и разрешуjе од должноста Претседателство на Привремената народна скупштина на Демократска Федеративна Југославија.

Присудителите на војните судеви на територијата на федералните единици ги изберуе и разрешуjе од должноста Президиумот на народното претставително тело на дотичната федерална единица.

Член 28

Секретарите и административниот персонал во војните судеви се поставуjат по постојекјите прописи.

## ГЛАВА IV

### Надгледуење над работата на судевите

Член 29

Високите војни судеви должни се да вршат надгледуење над работата на по ниските војни судеви.

Во право на надгледуењето нарочно спаѓа контролата да ли судевите судат по закон и да ли својите работи ги вршат правилно и на време.

Високиот војни суд има право да посака од по нискиот суд на увид кривичните списи во било кој стадиум на постапуењето.

## ГЛАВА V

### Прелазни и завршни повелби

Член 30

Се овластуjе Министерот за народна одбрана да во согласност со сојузниот Министер за правосудије издава уредби, повелби и правилници за извршуење овој Закон.

Министерот на народната одбрана може според нуждата да образуjе и укинуjе поедини војни судеви во границата на овој Закон и работите на укинатите судеви да ги стави во надлежност на еден или во векје војни судеви.

Член 31

Во единиците на родовите на војската од ранг на дивизијата, можат да се формираjат војни судеви со надлежност на војниот суд на дивизијата. Надлежниот војни суд во овакви случаји ке биде војниот суд нз армијата, односно на војната област, на чија територија дотичната единица има своје седиште.

Член 32

За кривичните дела против Татковината, извршени од страна на генералите, адмиралите, офицерите и подофицерите на бившата Југословенска војска судат војните судеви.

На невојните лица ке судат војните судеви за овие кривични дела само тогај ако се со нив проузроковани нарочно тешки последици во течениието на ослободителната војна, или ако преставуjат нарочна опасност за одбрана и војна сигурност на државата. Решение за овова доносуjе војното векје на Врховниот суд на предложение на Јавниот обвинител на Демократска Федеративна Југославија.

Член 33

Исклучително од чл. 24 на овој Закон, можат во недостаток на правниците по струката за претседатели на војните судеви на дивизијата и на војните судеви на подручија и нивните заменици да се поставуjат неправници, који до сега работеле во војните судеви.

Член 34

Постапуење по кривичните предмети који се во течениието пред војните судеви и по који е изречена првостепена пресуда до денот на влеѓуjење во сила овој Закон, ке довршат војните судеви.

Член 35

Со влеѓуење во сила на овој Закон престануjат да важат прописите на Уредбата на Врховниот штаб на НОВ и ПОЈ за војни судеви од 24 мај 1944 година, који регулисуjат устројство и надлежноста на војните судеви, како и сите други прописи противни на овој Закон.

Член 36

Овој Закон влеѓуjе во сила кога ке се објави во „Службениот лист на Демократска Федеративна Југославија".

24 август 1945 година
Београд.

**Претседателство**
**на Привремената народна скупштина**
**на Демократска Федеративна Југославија**

Секретар,
**Омер Глухић**, с. р.

Претседател,
др. **И. Рибар**, с. р.

## 614.

Министерството за трговија и снабдуење на сојузната влада — Управа за цени — доносуе

# РЕШЕНИЕ

## ЗА ОДРЕДУЕЊЕ ЦЕНИ НА ОБЛО ТЕХНИЧКО ДРВО

### Член 1

До понатака се одредујат следни најголеми цени на обло техничко дрво:

**I. Даб**

Динари по м³

а) 1) фурнирски трупци, среден пречник од 50—69 см — — — — — — 6.400.—
2) фурнирски трупци, среден пречник од 70 см на више — — — — 8.000.—
б) 1) трупци I кл., среден пречник од 30—39 см — — — — — — — — 1.500.—
2) трупци I кл., среден пречник од 40—49 см — — — — — — — — 2.040.— —
3) трупци I кл., среден пречник од 50—69 см — — — — — — — — 2.580.—
4) трупци I кл., среден пречник од 70 см на више — — — — — — 2.920.—
в) 1) трупци II кл., среден пречник од 30—39 см — — — — — — — — 850.—
2) трупци II кл., среден пречник од 40—49 см — — — — — — — — 1.070.—
3) трупци II кл., среден пречник од 50—69 см — — — — — — — — 1.210.—
4) трупци II кл., среден пречник од 70 см на више — — — — — — 1.460.—
г) 1) трупци III кл., среден пречник од 25—29 см — — — — — — — — 440.—
2) трупци III кл., среден пречник од 30—39 см — — — — — — — — 490.—
3) трупци III кл., среден пречник од 40—49 см — — — — — — — — 580.—
4) трупци III кл., среден пречник од 50—69 см — — — — — — — — 680.—
5) трупци III кл., среден пречник од 70 см на више — — — — — — 700.—

**II. Јасен**

а) 1) фурнирски трупци, среден пречник од 45 см на више — — — 6.000.—
б) 1) трупци I кл., среден пречник од 30—39 см — — — — — — — — — 1.850.—
2) трупци I кл., среден пречник од 40 см на више — — — — — — 2.100.—
в) 1) трупци II кл., среден пречник од 25—39 см — — — — — — — — 960.—
2) трупци II кл., среден пречник од 40 см на више — — — — — — 1.130.—

**III. Брест**

а) 1) фурнирски трупци, среден пречник од 45 см на више — — — 5.000.—
б) 1) трупци I/II кл., среден пречник од 30—39 см — — — — — — — 600.—
2) трупци I/II кл., среден пречник од 40 см на више — — — — — — 800.—

**IV. Граб**

1) трупци I/II кл., среден пречник од 30 см на више — — — — — — 800.—

**V. Бука**

а) 1) фурнирски трупци, среден пречник од 50 см на више — — — 3.000,—
б) 1) трупци за љупење, среден пречник од 35 см на више — — — 2.200.—
в) 1) трупци I/II кл., среден пречник од 25 см на више — — — — — — 600.—

**VI. Јавор бели**

а) 1) фурнирски трупци, среден пречник од 40 см на више — — — 5.500.—
б) 1) трупци I/II кл., среден пречник од 30 см на више — — — — — — 1.050.—

**VII. Клен**

1) трупци I/II кл., среден пречник од 30 см на више — — — — — — 680.—

**VIII. Цер**

1) трупци I кл., среден пречник од 30 см на више — — — — — — — 600.—

**IX. Багрем**

1) трупци I кл., среден пречник од 30 см на више — — — — — — — 820.—

**X. Липа**

а) 1) фурнирски трупци, среден пречник од 40 см на више — — — — 2.000.—
б) 1) трупци I/II кл,, среден пречник од 25 см на више — — — — — — 830.—

**XI. Јоха и бреза**

а) 1) трупци за љупење, среден пречник од 30 см на више — — — 2.000.—
б) 1) трупци I кл., среден пречник од 25 см. на више — — — — — — 650.—
в) 1) трупци II кл., среден пречник од 25 см на више — — — — — — 450.—

**XII. Топола и Врба**

а) 1) трупци за љупење среден пречник од 35 см на више — — — — — 1.800.—
б) 1) трупци I кл., среден пречник од 30 см на више — — — — — — 600.—
в) 1) трупци II кл., среден пречник од 25 см на више — — — — — — 420.—

**XIII. Орах**

1) трупци I/II кл., среден пречник од 30 см на више — — — — — 3.000.—

**XIV. Трешња**

а) 1) фурнирски трупци, среден пречник од 40 см на више — — — 5.000.—
б) 1) трупци I/II кл., среден пречник од 30 см на више — — — — — 1.000.—

**XV. Круша**

а) 1) трупци I/II кл., среден пречник од 40 см на више — — — — — 4.000—
б) 1) трупци I/II кл., среден пречник од 30 см на више — — — — — 920.—

**XVI. Бор**

1) трупци за сечење, среден пречник од 25 см на више — — — — — 700.—

**XVII. Јела и Смрча**

1) трупци за сечење, среден пречник од 20 см на више — — — — — 600.—

**XVIII. Ариш**

1) трупци за сечење, среден пречник од 20 см на више — — — — 1.000.—

Исклучително поради потешките услови на работата и извозот на дрвото, на подручје на федерална Србија (освен Војводина) и федерална Македонија се определујат посебни цени за следните врсти и сортименти на дрвото:

I. Бука

Динари по м³

а) 1) трупци I/II кл., среден пречник од 25—39 см — — — — — — — — — 700.—

2) трупци I/II кл., среден пречник од 40 см на више — — — — — — — — 900.—

II. Бор

1) трупци за сечење, среден пречник од 25 см. на више — — — — — — — 950.—

III. Јела и смрча

1) трупци за сечење, среден пречник од 25 см. на више — — — — — — — 800.—

Член 2

Горните цени се сметат утоварено во вагон или шлеп за еден кубни метар на обло техничко дрво.

Член 3

Цените на дрвото франко стругара во горатa или на извозниот пат ке одреди Управата за цени на сојузното министерство за трговија и снабдуење на база на посебни калкулации, а по сослушуење мнението на надлежното земско министерство на шумите.

Член 4

Цените определени во членот 1 на овоа Решение за трупци преку 6 метри должина, који немат да бидат преработени во разна граѓа, можат да се повишат најмногу за 25%.

Член 5

За оние сорти на дрво, који несе обванати со овоа Решение, цените ке ги определуе Управата за цени на сојузното Министерство за трговија и снабдуење на база на посебни калкулации.

Член 6

Деверасто-ребрасто дрво како и фурнински трупци нарочна текстура ке се продава по цените утврдени по слободна погодба.

Член 7

За продуцентско обло дрво чији сечишта се одалечени преку 25 км. од најблиската утоварна станица или чији извоз се врши под нарочно тешки околности Управата за цени на Министерство за трговија и снабдуење може да одреди на база на посебни калкулации и повисоки цени, а по сослушуење мнението на надлежното земско Министерство за шуми, преку кого калкулацијата ке се доставуе на Управата за цени.

Член 8

Класификацијата на трупците според квалитетот ке се врши на следни начин и това:

1) За лисјари

Класа I — Трупците сосема здрави и прави, на рамна жица, јадри, без чланови; не смејат да бидат окружљиви, мразопуцни, скапани и мушичави. Се дозволуе една права распуклина која нее подолга од половина на средниот пречник на трупецот или една распуклина од мразопуц.

Кај трупците преку 3 метра должина се дозволуе кривина на едната страна со висина на лукот од највеќе 10 см., и на секој понатакашен метар по еден здрав добро делкан член, со пречник најповеќе 10 см. и со најмала далечност 1 метар од средината на еден до средината на другиот член.

Класа фурнирски трупци. — Фурнирски трупци покрај горе назначените својства мораат да имат правилни и фини годови, еднолична боја и срце приближно во средина. Члановите морат да бидат во еден смер, распуклина од мразопуц несе дозволуе.

Класа II. — Трупци здрави, конични. Се дозволуе на секој метар но еден добро изделкан здрав член на пречник највеќе до 20 см., кривина на една страна до 20 см. на висината на лукот, помала усуканост, по една права распуклина на секој крај, која не смеје да биде подолга од средниот пречник, и нешто црвоточина од цвилидрете на една страна, частична мушичавост, две мразопуцни распуклини и окружљивост до една четвртина на пречникот. На место членот се дозволује по еден слеп член до 10 см. на пречникот.

Класа III. — Трупци здрави со поголеми грешки, конични, заскапани, со повеќе членови, со скапани членови, окружљиви и распукнати, но само такви грешки који не исклучујат способност за техничка употреба и сечење, цепење или делкање.

2) За четинари

Трупците мораат да бидат здрави и без јатка, лом, рак, и не смејат да бидат порозни. Се дозволуат парчиња, који само частично се заватени со црвен и бел трулеж и тоа од челото најдлабоко до 10 см., а од површината до 3 см., потова окружљивост (мерена по тетивата) до највеќе ¼ пречникот на това чело, права распуклина најповечку за должина на пречникот а унакрсна до половина на пречникот на односниот крај, потова усуканост најповечку до ¼ на кругот на должина од 3 метра и кривина во еден смер најголемата висина на лукот од 10 см. на должина од 3 метра.

Член 9

Трупците се пресметујат во кубни метри а се мерат така, да се поединачно мери должина и пречник, па од тие големини се установуе кубна садржина на два децимали.

Должината на трупецот се мери на најкраткото место заокружено на цели дециметри така да се деловите на дециметрите не земаат во обзир.

Пречникот се мери без кора во средина на трупецот унакрст (најголем и најмал), па се зема аритметична средина на цели сантиметри заокружена надоле. Ако во средина на трупецот, каде би имал да се мери пречникот, се навоѓа некој член или одебљање, пречникот се мери унакрст испред и позади на тоа место на еднаква далечност а по това се зема аритметичка средина.

Кај трупците и долгата граѓа преку 6 метри должина има на сакање било на продавецот или купујачот да се устнови масата на дрвото по секциите.

Член 10

Овоа Решение влегуе во сила со денот на обнародуењето во „Службениот лист".

Бр. 6691

19 август 1945 година

Београд

Помокјник
на Министерот за трговија и снабдуење,
**Л. Соколов**, с. р.

## 615.

На предлог на Заведението за ванредни набавки при Управата за надворешна трговија, сојузното Министерство за трговија и снабдуење — Управа за цени — донесуе

## РЕШЕНИЕ БР. 5

### ЗА ОДРЕДУЕЊЕ ЦЕНИ НА ТЕКСТИЛНИТЕ ПРОИЗВЕДЕНИЈА ИСПРАТЕНИ ОД УНРРА

Во врска со Напатствието на Министерството за трговија и снабдуење за одредуење цени и обрачу-

нуење стока испратена преку МЛ и УНРРА, се одредуат на следните текстилни произведенија овие цени:

| | Цена франко фоб лука: | Франко станица великопродавца набавна цена: | Франко стовариште великопродавца комисионарска продајна цена: |
|---|---|---|---|
| 1) Врекји од јута нови димензија 65×105 — — — | 37,72 | 39,61 | 41.— |
| 2) Врекји од јута еднаш употребени дим. 65×105 | 28,52 | 29,95 | 31.— |

По прописот на член 1 од Напатствието на Министерството за трговија и снабдуење од 6 август 1945 година цените назначени во последниот стабец, пропишани како цени франко стовариште на големопродавачот комисионарот во големопродавачка, за подручје на целата држава ни во кои случај не смеат да бидат пречекорени.

Цените во малопродавачка, по прописот член 9 од Напатствието за одредуење цени и обрачунуење на стока, се одредуат на тои начин, што на цените од третиот стабец на овоа Решение, ке се додаат сите уобичајени редовни набавни трошкови од стовариштето на големопродавачот до дукјанот на малопродавачот и на таја сума да се додаде маржа бруто на заработувачката на малопродавачот.

Бруто заработувачка на малопродавачот за сите текстилни производенија именовани во овоа Решение се одредуе на 15%.

Поблиски одредби за постапката која зборуе за набавните цени во продавачката на големо и мало обватени се со чл. 4 и со понатакашните прописи на Напатствието за одредуење цени и обрачунуење стока испратени преку МЛ и УНРРА.

Бр. 6996
23 август 1945 година
Београд

Помокјник
на Министерот за трговија и снабдуење
**Л. Соколов**, с. р.

## 616.

Во врска чл. 1. Уредба за регулирање цени, сојузно Министерство за трговија и индустрија — Управа за цени — доносуе

### РЕШЕНИЕ
### ЗА ОДРЕДУЕЊЕ ЦЕНИ НА ОДАЈИ ЗА ПРЕНОКЈУЕЊЕ НА ТЕРИТОРИЈА НА ЦЕЛАТА ДРЖАВА

Член 1

Земските министерства за трговија и снабдуење односно покрајинските главни народни одбори се овластујат да одредујат цени на одаји за пренокјуење во хотели, вили и останали пренокјишта на своето подручје.

Член 2

При одредуењето цени на одаји за пренокјуење има да се земат во обзир месните прилики, степенот на конфорот на односните одаји, бројот на послуга и нивните надници и плати, висината на закупнина, јавните давачки и останалата режија, амортизацијата на инвентарот, месечниот промет и други соодветни обстојателства. Со обзир на сите овие факти, цените на одајите за пренокјуење можат да бидат различни како според хотелите и вилите во едно исто место така и според одајите во еден исти хотел односно вила, те според това ке се поделат на соодветни разреди: I, II, III итн ред; односно одаји I, II, III итн. ред.

За време на годишното доба кога одајите се затоплуат, ке се предвиди додаток за греење, одреден на база на огревните инсталации и утрошено количество и врста на огревниот материјал.

Член 3

Прописаните цени на одајите за пренокјуење имаат да бидат оверени од властите кои ги донесле и истакнале на видно место во односниот хотел, вила, пренокјиште.

Член 4

Земските министерства за трговија и снабдуење односно покраински главни народни одбори можат да ги овластат окружните, околиските и месните народни одбори да оние одредуjат цени на одајите за пренокјуење на нивното подручје, задржуејки право за ревизија цените кои овие одбори ги одредат.

Член 5

Овоа Решение влегуе во сила со денот на обнародуење во „Службениот лист".

Бр. 7268
24 август 1945 година
Београд

Помокјник
на Министерот за трговија и снабдуење
**Л. Соколов**, с. р.

## 617.

По преставката на Министерството за трговија и снабдуење на федерална Црна Гора II бр. 2817 од 12 август 1945 година, со која бара да се пропишат средни продавачни цени на техничката сечена грагја на четинари на подручјето на федерална Црна Гора, Министерството за трговија и снабдуење на сојузната влада — Управа за цени — донесуе

### РЕШЕНИЕ
### ЗА ОДРЕДУЕЊЕ ЦЕНИ НА СЕЧЕНО ТЕХНИЧКО ДРВО НА ЧЕТИНАРИ ЗА ПОДРУЧЈЕТО НА ЦРНА ГОРА

До понатака се одредуат следните највисоки цени на сечено техничко дрво на четинари за подручјето на федерална Црна Гора:

| | Дин. за 1 м³ |
|---|---|
| 1) чамови штици, нормална стока: долж. 4—6 м. на горе — — — — — — — — | 1.390.— |
| 2) чамови штици, кратка стока: должина од 1—3,75 м., ширина од 8 см. на горе — — — — — — — — — — — | 970.— |
| 3) чамови летви, должина од 1—3,75 м., од профил 18×40—24×48 мм. — — — | 830.— |
| 4) чамови летви, должина 4 м., од профил 18×40—24×48 мм. — — — — — | 1.460.— |
| 5) чамови четвртачи или получетвртачи (морали и мезоморали), долж. 4—6 м., од профил 18×40—100×100 мм. — — | 1.460.— |
| 6) чамова шкарт стока — — — — — — — | 450.— |
| 7) чамови сечени колци, должина 1,25; 1,50; 1,75 и 2 м. од профил 24×24 мм. на горе — — — — — — — — — — — | 420.— |
| 8) борови штици, нормална стока, долж. 4—6 м., ширина од 8 см. на горе — | 1.550.— |

Горните цени се одобрени во производството франко стругара, без обзир на квалитетот на стоката.

Бр. 6446
17 август 1945 година
Београд

Помокјник
на Министерот за трговија и снабдуење
**Л. Соколов**, с. р.

## ЗАПИСНИК

### НА V РЕДОВЕН СОСТАНОК НА ПРИВРЕМЕНАТА НАРОДНА СКУПШТИНА НА ДЕМОКРАТСКА ФЕДЕРАТИВНА ЈУГОСЛАВИЈА ОДРЖАН НА 20 АВГУСТ 1945 ГОДИНА ВО БЕОГРАД

Претседавал Претседник др. Иван Рибар.

Секретар Омер Глухиќ.

Претседник др. Иван Рибар отвара V редовен состанок во 17,20 часа

Прочитаниот записник на IV редовен состанок Скупштината го прима без примедби. Се саопштуват и се упатуват на Мандатниот одбор да за них на Скупштината поднесе својот извештај, и тоа:

1) полномокјето на Васа Стајиќ народен посланик од Нови Сад;

2) молбата на Анте Ковач бивши народен посланик, со која моли да биде позват во Привремена народна скупштина како народен посланик избран на изборите 1938 година;

3) молбата на Љубисав Петковиќ, инжињер на агрономијата и Председник на Народната сељачка слога од Пирот, со која моли да биде избран за член на Привремената народна скупштина како Претседник на Народната сељачка слога;

4) молбата на Хаџи-Тодор Димитријевиќ од Београд, — со која моли да биде позван за член на Привремената народна скупштина како заслужен работник;

5) предлогот на народниот посланик Петар Стамболиќ, др. Милорад Влајковиќ и Ристо Антуновиќ да се повика за член на Привремената народна скупштина др. Душан Стевчиќ, лекар од Пирот, који е 1938 година бил избран за народен посланик на листата на Љуба Давидовиќ; и

6) предлогот на др. Анте Мандиќ, бивши векјник на Антифашистќото векје на народното ослободуење на Југославија, а сега Кралски намесник, да место него влезат во Привремена народна скупштина Милан Марјановиќ, списател и новинар од Кастав и др. Уликс Штангер, адвокат од Сплит.

Саопштуе се да се поднесени на Народната скупштина на решуење законски предлози, и тоа:

1) Министерот за внатрешни работи Предлог на Законот за државјанството на Демократска Федеративна Југославија и Предлог на Законот за одузимање на државјанството на офицери и подофицери на бившата Југословенска војска, који некјат да се вракјат во Татковината и на припадниците на војните формации, који се служили на окупаторот и одбегли во странство;

2) Министерот за индустрија Предлог на Законот за укинуење постоекјите рударски повластици и за прелазок во државно власништво на целокупното рударско благо (имот) на територијата на Демократска Федеративна Југославија;

3) Министерот за конституанта Предлог на законот за државните службеници од грагјански ред и Предлог на законот за штампата; и

4) Министерот за правосудие Предлог на законот за уредуење на судевите.

Претседник др. Иван Рибар објавуіе, да се сите овија законски предлози веќ упатени на Законодавниот одбор да их проучи и поднесе на Скупштината својот извештај.

Понатамо се саопштуе да е Министерот за финансии поднесел на Скупштината на решуење законски предлози, и тоа:

1) Предлог на Законот за државниот буџет на Демократска Федеративна Југославија;

2) Предлог на законот за државниот осигуруваекји завод и за ликвидација на постоекјите осигуруваекји предпријатија;

3) Предлог на законот за регулисуење на платниот промет со иностранството;

4) Предлог на законот за уредуење и за деловање на кредитниот систем;

5) Предлог на законот за таксите; и

6) Предлог на законот за располагање со државните приходи.

За сите овија законски предлози е тражена (посакана) хитност.

После образложението на Министерот за финансии на сојузната влада Сретен Жујовиќ, Скупштина, гласуекји со седење и устајање, со векјина на гласовите ја усваја тражената хитност за сите овија законски предлози.

На предлог на Претседателот др. Иван Рибар Скупштината едногласно одлучује да се овија законски предлози упатат, и тоа: на Законодателниот одбор Предлог на законот за државниот буџет на Демократска Федеративна Југославија, Предлог на законот за државниот осигуруваекји завод и за ликвидација на постоекјите осигурателни претпријатија и Предлог на законот за уредуење и за деловање на кредитниот систем а на Финансијскиот одбор Предлог на законот за регулисуење на платниот промет со иностранството, Предлог на законот за таксите и Предлог на законот за располагање со државните приходи.

Се саопштават извештајите на Законодавниот одбор и тоа:

за Предлог на законот за аграрната реформа и колонизацијата;

за Предлог на законот за Уставотворната скупштина со одвоено мишљење на одборската мањина;

за Предлог на законот за устројството и надлежноста на војните судови во Југословенската армија; и

за Предлог на законот за избор на народните посланици за Уставотворна скупштина (Совезна скупштина и Скупштина на народите) со одвојеното мишлење на одборската мањина.

Претседникот саопштуе да се сите овија извештаји штампани, раздадени на народните посланици, и да кје бидат ставени на дневен ред на идукјата седница.

По тоа се прелази на дневни ред: утврдуење на дневниот ред.

Претседателот др. Иван Рибар предлаже дневни ред за идукјата седница, који Скупштината едногласно го усваја, па со нејзиниот пристанок ја заклучуе седницата во 17,55 часа, а идукјата закажуе за вторник 21 август 1945 година во 17 часа со дневниот ред:

1) претрес ~~на извештајот на~~ Законодавниот одбор за Предлогот на законот за Уставотворната скупштина;

2) претрес на извештајот на Законодавниот одбор за Предлогот на законот за избор на народните посланици за Уставотворна скупштина (Совезна скупштина и Скупштина на народите).

20 август 1945 година
Београд

**Привремена народна скупштина на Демократска Федеративна Југославија**

Секретар,
**Омер Глухиќ**, с. р.

Претседател,
др. **И. Рибар**, с. р.

# ДЕКРЕТИ

## МИНИСТЕРСТВО ЗА НАРОДНО ЗДРАВЈЕ

Министерство за народно здравје со Решење на Помокјникот на министерот на народното здравје Пов. бр. 59 од 2 мај 1945 година, а на основание Уредбата за регулисуење принадлежности на државните службеници од грагјански ред и останалите јавни службеници на совезните министерства и установи и овластиeто на Министерот на народно здравје на Демократска Федеративна Југославија бр. 1561 од 21 марта 1945 година, се поставуе Челеби С. Јаков за надничар при Главна управа за набавка и расподелба на лекови на Министерството за народно здравје.